Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на ден од дневни настани 04.02.2020

На 03.02.2020 во 12.30 часот на Граничниот премин „Долно Блаце" од слобода бил лишен Н.Г.(60) од Косово, затоа што по извршени проверки било констатирано дека се наоѓа на листата со мерка „алерт" по барање на Интерпол. Тој бил предаден на полициски службеници за понатамошна постапка.

На 03.02.2020 во 09.30 часот на Граничен премин „Богородица" од слобода бил лишен Н.В.(48) од Р.Србија, кој управувал патничко возило „фолксваген голф", со српски национални ознаки, бидејќи по извршената контрола на возилото било констатирано дека бројот на шасија и типската плочка биле фалсификувани. За настанот бил известен Јавен обвинител, а лицето било предадено на полициски службеници од СВР Струмица за понатамошна постапка.

На 04.02.2020 околу 00.20 часот на локалниот пат што ги поврзува тетовските села Требош и Палатица, полициски службеници на СВР Тетово ги лишиле од слобода Ј.Ј.(24), А.Ѓ.(21) и М.Ц.(20), сите од Тетово, затоа што при нивен и преглед на возилото „фолксваген туран", со тетовски регистарски ознаки, што го управувал Ј.Ј., биле пронајдени марихуана и ризла. Тие биле задржани во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.02.2020 околу 12.00 часот на ул.„Вонвардарска" во Тетово, полициски службеници на СВР Тетово го лишиле од слобода П.Р.(30), од тетовско Сланино, затоа што при преглед кај него била пронајдена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Тетово и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.02.2020 во 21.20 часот на ул.„Орце Николов" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода М.С.(30) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана и грутчеста материја. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.02.2020 во 22.30 часот на ул.„Божидар Аџија" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода И.К.(38) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.02.2020 во 14.25 часот пред казино на ул.„Борис Трајковски" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје ги лишиле од слобода Б.Д.(33), И.Л.(33) и А.Н.(33), сите од Скопје, затоа што при извршен преглед со судска наредба, кај Б.Д. биле пронајдени марихуана и пиштол ,,екол рас магнум", додека кај И.Л. биле пронајдени марихуана и куршуми. По целосно документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.02.2020 во 20.45 часот на патниот правец Валандово-Струмица, пред влез во с.Костурино, при проверка на патничко возило „рено трафик", со битолски регистарски ознаки, полициски службеници од Полициска станица Стар Дојран пронашле 28 лица мигранти, а возачот на возилото го напуштил местото на настанот. Мигрантите биле предадени на полициски службеници од Регионален центар за гранични работи Исток за понатамошна постапка.

Полициски службеници од СВР Битола на 03.02.2020 извршиле контрола за алкохол, брзина, управување без возачка дозвола, нерегистрирани возила, непочитување првенство. Притоа, констатирано е дека девет возачи ја надминале максималната дозволена брзина, осум возачи не поседувале возачка дозвола, тројца возачи управувале нерегистрирани возила и четворица возачи разговарале на мобилен телефон додека управувале возило. За сите неправилности издадени се соодветни налози.

На 03.02.2020 во 21.00 часот на ул.„Асиок" во Штип, патничко возило „фолксваген голф", со штипски регистарски ознаки, управувано од А.С.(35) од Штип, удрило во паркирано возило „фолксваген пасат", со штипски регистарски ознаки, управувано од В.А.(39) од Штип. Во незгодата А.С. се здобил со тешки телесни повреди, по што бил пренесен во Клиничката болница Штип за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Штип.

На 03.02.2020 во 11.15 часот во Полициската станица Центар, Р.Б.(72) од Скопје пријавила дека на ул.„Народен Фронт" во Скопје била каснат од куче скитник во пределот на десната рака.

На 03.02.2020 во 17.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека пред училиште на бул.„Трета македонска бригада" дошло до нарушување на јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу две групи, меѓу кои имало малолетници. Притоа, Ѓ.Д.(18) од Скопје се здобил со убодна рана, по што бил пренесен во Комплекс клиники „Мајка Тереза" за укажување на лекарска помош. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.02.2020 во 22.15 во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Букурешка" настанал пожар во патничко моторно возило „рено клио" со скопски регистарски, сопственост на М.М.(38) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид ќе се врши во текот на денот.

На 03.02.2020 во 12.15 часот во Полициската станица Аеродром, И.К.(36) од Скопје пријавил дека на ул.„Бојмија" во Скопје бил каснат од куче скитник.

СВР Велес поднесе кривична пријава против Џ.К.(32), М.К.(33), О.К.(29) и 15-годишен малолетник, сите од Велес, поради постоење основи на сомнение дека првопријавениот сторил кривични дела „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" и „убиство во обид", поради постоење основи на сомнение дека второ и третопријавениот сториле кривични дела „напад врз службено лице при вршење работи на безбедноста" и „помагање во врска со убиство во обид" и поради постоење основи на сомнение дека четвртопријавениот сторил кривично дело „спречување службено лице во вршење на службено дејствие". На 02.02.2020 пред црквата „Св. Спас" во Велес, пријавените нападнале полициски службеници, кои извршувале службени дејствија - спречување и откривање на сторители на кривични дела „кражби" и „тешки кражби на дрзок начин". Притоа, Џ.К. му го одземал службениот пиштол на еден од полициските службеници и испукал кон него три куршуми, нанесувајќи му прострелни рани, додека малолетното лице го спречувало другиот полициски службеник во вршењето на службените дејствија.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против лицето С.А.(26) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „уцена". На 25.11.2019 пријавениот, преку апликацијата "Messenger" се заканил дека на социјалната мрежа "Facebook" ќе објави компромитирачки материјали за оштетената, а со тоа ќе ѝ наштети на нејзината чест и углед и на угледот на нејзино семејство. За да не го направи тоа, пријавениот побарал пари од оштетената.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против А.И.(25) од Гостивар и М.И.(20) од с.Чегране, гостиварско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „новластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 15.11.2019 на пат с.Здуње - с.Дебреше, гостиварско, полициски службеници дале знак за запирање на патничко возило, во кое со неколку други лица бил второпријавениот. Притоа, од возилото биле исфрлени сомнителни предмети, а по пребарување на теренот биле пронајдена марихуана, која второпријавениот М.И. претходно ја набавил од првопријавениот А.И..

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Гостивар поднесе кривична пријава против И.М.(28) од Гостивар, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Во близина на Градскиот стадион во Гостивар, полициски службеници сопреле патничко возило „опел" и при извршен преглед на возилото, и на Џ.И.(32) и Џ.А.(19), двајцата од с.Долна Бањица, гостиварско и А.Л.(20) од Гостивар, биле пронајдени марихуана и предмети со остатоци од марихуана, која ја набавиле од пријавениот.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи од Пробиштип поднесе кривична пријава против Д.А.(20) од Пробиштип, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 03.10.2019, при извршен претрес во неговиот дом, полициски службеници пронашле и одзеле марихуана и амфетамини.

На 03.02.2020 околу 12.30 часот во Гостивар, полициски службеници на Одделението за внатрешни работи Гостивар ги лишиле од слобода В.Ф.(25) од Гостивар, Ѓ.Ц.(27) од Гостивар и Д.З.(39) од Прилеп, поради сомнение дека учествувале во одземање и продажба на патничко моторно возило „бмв" со скопски регистарски ознаки, кое минатата година било оставено за поправка на паркинг во Гостивар, а чие одземање на 01.02.2020 го пријавил Б.М.(33) од Гостивар. Возилото било пронајдено и денеска ќе му биде вратено на пријавителот. По целосно документирање на случајот, против В.Ф. ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 03.02.2020 во 21.00 часот ул.„Стојна Стефкова" во Скопје, полициски службеници од СВР Скопје го лишиле од слобода Д.Д.(33) од Скопје, баран по судска наредба за издржување казна затвор. Лицето било предадено на полициски службеници од Полициска станица Вит Пазар.

По текот на 03.02.2020 на подрачјето на СВР Скопје преземени се мерки и активности, при што од сообраќај се исклучени: тројца возачи, затоа што управувале возила без да се стекнат со право на управување на моторно возило и две возила, бидејќи биле нерегистрирани. Исто така, санкциониран е еден возач поради поминување на црвеното светло. Во однос на пешаците, санкционирани се осум пешаци. По текот на изминатиот ден, 63 возила се подигнати со специјално возило „пајак".

На 03.02.2020 во 16.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во фирма на ул.„Перо Наков" во Скопје на А.С.(53) од Куманово, вработен во фирмата, му се слошило и паднал во бессознание. Лекар од Итна медицинска помош констатирал смрт без траги на насилство, а увид на местото на настанот извршила увидна екипа од СВР Скопје. По наредба на Јавен обвинител телото на починатиот било предадено за обдукција.

На 04.02.2020 во 10.40 часот во СВР Куманово било пријавено дека лицето Т.Т.(38) од Куманово, за кое на 02.02.2020 неговата мајка Т.Т.(63) пријавила дека се оддалечил од домот, оставил телефонска комуникација со неговиот брат, со кој престанува потрагата по него.
На 03.02.2020 во 18.10 часот во СВР Скопје, Г.Т.(24) од Скопје пријавил дека во 17.10 часот на пешачки премин на крстосница од бул.„Илинден" со ул. „Аминта Трети", поради недоразбирање во сообраќајот, бил физички нападнат од едно лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.
На 03.02.2020 во 20.40 часот во СВР Скопје, Г.М.(46) од с.Волково, скопско, пријавила дека околу 17.15 часот во с.Волково, во двор од нивната семејна куќа, со нож им биле упатувани закани кон нея и нејзините двајца синови, Л.М.(18) и 17-годишен малолетник, по што малолетникот бил физички нападнат од едно лице кое било заедно со Р.С. од с.Волково. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.02.2020 во 14.30 часот во Полициската станица Центар, И.П.(49) од Скопје пријавил дека во близина на „Камен мост" во Скопје бил каснат од куче скитник во пределот на левата нога.
На 03.02.2020 во СВР Куманово, 40-годишна жена од Куманово пријавила дека од почетокот на 2019 година до почетокот на 2020 година, нивен роднина од село од општина Липково во повеќе наврати извршил обљуба врз нејзината малолетна ќерка. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 03.02.2020 во 17.00 часот во Полициската станица Карпош, Љ.П.(62) од Скопје пријавил дека на ул.„Шпеслирова" во Скопје бил каснат од куче скитник во пределот на левата потколеница.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-mouta: kontakt@mol.gov.mk
Изработено од Унет